**МЦМС и ова лето ќе ги подобри условите во основните училишта во заедници во кои се одгледува тутун**
. Овој пат модернизацијата ќе опфати
**изградба на детски игралишта**
во „
**Рампо Левката“ во Прилеп**
; во подрачното училиште
**„Никола Карев“ во с. Алданци**
, општина Крушево; во
**„Ѓорче Петров“ во с.Ропотово**
, општина Долнени; како и во подрачното училиште
**„Браќа Миладиновци“ во с. Сопотница**
, општина Демир Хисар.



Со поставување на овие игралишта, **учениците како и останатите жители на овие населени места на располагање ќе имаат најразлични реквизити**
како: нишалки, клацкалки, играчки на федер, тобогани, кули, динамички мостови и вртелешки.

Се очекува нивната изградба да заврши најдоцна до октомври 2019 година. **Буџетот изнесува речиси 2.5 милиони денари и истиот е донација од Сокотаб**
.

Од 2007 година МЦМС значително придонесува кон развојот на средините во кои се одгледува тутун преку подобрување на условите во училиштата. **Досега реализирани се повеќе проекти во 16 различни училишта, со што над 5000 ученици и над 650 наставници учат и работат во здрава, функционална и модерна средина**
.